**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА РАНКОВЦЕ**
**Бр. 22-402/5**
**06.05.2026 год.**
**РАНКОВЦЕ**

Градоначалникот на Општина Ранковце решавајќи по барањето заведено под број 22-402/1 од 18.03.2026 година (број на постапка 78829)за одобрување на Планска програма за изработка на Урбанистички план за вон населено место (УПВНМ) за викенд населба во КО Милутинце, Општина Ранковце, врз основа на член 44 став 7 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОДОБРУВА Планската програма за изработка на Урбанистички план за вон населено место за викенд населба во КО Милутинце, Општина Ранковце.
2. Составен дел на ова Решение е Планската програма за изработка на Урбанистички план за вон населено место за викенд населба во КО Милутинце, Општина Ранковце со тех.број 24-11/25 од април 2026 година, изработена од Друштво за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг „ЧИП ГРОУП" ДООЕЛ увоз-извоз Скопје врз основа на Лиценца за изработување на урбанистички планови број 95 од 15.02.2024 година.

## О б р а з л о ж е н и е

До Општина Ранковце доставено е барање преку информацискиот систем е-урбанизам, број на постапка 78829, заведено под број 22-402/1 од 18.03.2026 година, за одобрување на Планска програма за изработка на Урбанистички план за вон населено место за викенд населба во КО Милутинце, Општина Ранковце со тех.број 24-11/25 од април 2026 година.

Градоначалникот на општина Ранковце врз основа на доставениот Предлог за одобрување на планската програма бр.22-402/4 од 29.04.2026 година од Комисијата за урбанизам формирана со решение бр. 08-1128/1 од 09.10.2024 година, изврши увид и ги проучи прилозите кон барањето при што утврди дека кон барањето се доставени:

1. Полномошно заверено на нотар Анастасија Петреска во Скопје под број УЗП 11283/2025 од 26.11.2025 година ;
2. Планската програма за изработка на изработка на Урбанистички план за вон населено место за викенд населба во КО Милутинце, Општина Ранковце со тех.број 24-11/25 од април 2026 година, изработена од Друштво за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг „ЧИП ГРОУП" ДООЕЛ увоз-извоз Скопје;
3. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога со деловоден број 08-205/25-7 од 29.10.2025 година, изработен од ДГКР „ ГЕОПОЛАРИС " ДОО Скопје;
4. Известување за електронска заверка на геодетскиот елаборат бр. 1110-25/2025 од 28.10.2025 година.

5. Анекс Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога со деловоден број 08-91/26-3 од 21.04.2026 година, изработен од ДГКР „ ГЕОПОЛАРИС “ ДОО Скопје.
6. Известување за електронска заверка на Анекс геодетскиот елаборат бр. 1110-4/2026 од 21.04.2026 година
7. Услови за планирање на просторот за израдба на викенд населба на дел од КП 813, дел од КП 814, дел од КП 2457 и дел д КП 2458, КО Милутинце со тех.број Y49025 од јануари 2026 година изработени од Агенција за планирање на просторот.
8. Решение за услови за планирање на просторот издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање бр. 15 359/2 од 16.03.2026 година.

Врз основа на горенаведеното се констатира дека се исполнети условите од член 44 став 7 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија “ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), и врз основа на тоа се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Правна поука:** Против решението на градоначалникот на Општина Ранковце, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса.

Изработил,
Моме Крстевски

Mome Krstevski

Digitally signed by Mome Krstevski
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=278153, title=Rakovoditel, sn=Krstevski, givenName=Mome, cn=Mome Krstevski
Date: 2026.05.06 14:07:05 +02'00'

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
* РАНКОВЦЕ *

Daniel Pavlovski

Digitally signed by Daniel Pavlovski
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, ou=01.4, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=290094, title=Gradonacalnik, sn=Pavlovski, givenName=Daniel, cn=Daniel Pavlovski
Date: 2026.05.06 14:07:47 +02'00'